Сојуз за младинска работа

# Повик за членови на Управниот одбор на Сојуз за младинска работа

Во пресрет на Генералното Собрание, Сојузот за младинска работа (СМР) на Македонија отвора повик за номинирање на членови на Управен одбор на СМР и ги повикува сите заинтересирани да се пријават и да бидат дел од раководството на СМР.

Пријавувањето се врши со доставување на:

1. Формулар за пријава на кандидатот, кој можете да го најдете **тука**;
2. CV на кандидатот;

Номинираното лице мора да биде постаро од 18 години и да има искуство со младинска работа.

**Пријавите треба да се испратат на електронската адреса на СМР, smr.sojuz@gmail.com најдоцна до 20.05.2025 година, со назнака: Кандидатура за член на Управен одбор на СМР.**

Според член 17 од Статутот на СМР, Управувањето на организацијата во периодот меѓу две Собранија го врши Управниот одбор кој е сочинет од 5 до 7 членови. Работата на членовите на УО е на волонтерска основа. Управниот одбор се среќава најмалку еднаш месечно, и неговите записници се доставуваат и до сите членови на Собранието на организацијата. Управниот Одбор може полноважно да работи доколку на седниците присуствуваат повеќе од половина од членовите. Управниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието.

**Управниот одбор на организацијата ги има следните надлежности:**

1. Раководи со СМР помеѓу две седници на Собранието;
2. Ги спроведува заедничките Одлуки и заклучоци на Собранието;
3. Распишува конкурс за Генерален секретар, го избира истиот од пријавените кандидати, а по потреба може и да го разреши;
4. Носи извршни одлуки за работа на СМР;
5. Ги застапува интересите на Сојузот и нејзините членки;
6. Учествува во обезбедувањето на финансиска поддршка за работата на СМР;
7. Изготвува правилници за работа на извршното тело и ги предлага до Собрание;
8. Поднесува извештај за својата работа пред Собранието;
9. Врши надзор на работата на Генералниот секретар и извршното тело;
10. Предлага измени и дополнувања на Статутот;
11. Избира Претседател од своите редови кој е и застапник и на СМР;
12. Донесува одлуки за формирање на комисии и тела за извршување работи од негова надлежност;
13. Ја утврдува годишната членарина;
14. Распишува повици и бира претставници на СМР во други организации и здруженија, органи на власта и меѓународни организации;

15. Работи на унапредување на дијалогот и разбирањето на целите и принципите на СМР, како и за неговиот целокупен развој и одржување на специфичниот карактер;
16. Врши други работи утврдени со Закон и кои не се во надлежност на друг орган на Сојузот;
17. Доставува годишен извештај за работата и финансиски извештај;
18. Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Секој номиниран кандидат ќе има можност да ја претстави својата номинација за време на генералното Собрание кое ќе се одржи од 30.05.2025 во Скопје. Изборот ќе се врши по пат на тајно гласање од страна на членките на СМР на генералното Собрание.